# Упатство за користење на OSSP апликацијата

## Основни алатки достапни на десниот панел

**Копче “Зголеми”**

 Копче “Зголеми” се користи за зумирање на мапата во центарот на корисничкиот простор на картата и со помош на глучвето овој центар на мапа може да се менува. Оваа функционалност може да се користи и преку “Тркалцето на глувчето” со лизгање нанапред.

**Копче “Намали”**

 Копче “Намали” се користи за одзумирање на мапата од центарот на корисничкиот простор на картата и со помош на глучвето овој центар на мапа може да се менува. Оваа функционалност може да се користи и преку “Тркалцето на глувчето” со лизгање наназад.

**Копче “Основен опфат”**

 Копче “Основен опфат” всушност претставува зумирање до највисок степен, се користи со цел да се прикаже целиот кориснички простор на картата.

**Копче “Пребарај”**

 Копчето “Пребарај” се користи за да се зумира некоја област која претходно е обележана на корисничкиот простор.

**Копче “Преглед на мапа”**

 Копче “Преглед на мапа” се користи за да се активира движењето низ корисничкиот простор на картата. Прегледот низ мапа се врши и со користење на одредени функционалности како што лев клик и повлекување со глувчето за да се придвижи прегледот на картата, таканаречено поместување исто така движењето на мапата може да се врши и со стрелките од тастатура “Нагоре”,“Надоле”,“Налево”,“Надесно”.

**Копче “Информации”**

 Копчето “Информации” се користи за давање на дополнитени информации за селектираниот елемент.

**Копче “Мерење должина”**

 Копче “Мерење должина” се користи за мерење на должината на одредена област со исцртување на линија, додека се исцртува линијата вредноста од мерењето се прикажува под менито со алатки, за да мерењето биде завршено се кликнува два пати на последната точка.

**Копче “Мерење плоштина”**

 Копче “Мерење плоштина” се користи за мерење на плоштината на одредена област со исцртување на полигон, додека се исцртува полигонот вредноста од мерењето се прикажува под менито со алатки, за да мерењето биде завршено се кликнува два пати на последната точка.

**Копче “Пребарување по координати”**

 Копче “Пребарување по координати” се користи за зумирање до одредена точка на корисничкиот простор на картата. Со кликнување на ова копче се отвара форма во која се внесуваат Y и X координати и со кликнување на копчето до нив се зумира точката на мапа.

**Копче “Избери слој”**

 Копче “Избери слој” со кликнување на ова копче се отвара нова форма во која се наоѓаат сите слоеви на сајтот. Слоевите се поделени во следниве групи:

- ***Основни слоеви*** –се примарни слоеви кои се прикажани позади другите слоеви и само еден основен слој може да биде активен во определено време.
- ***Регистрирани субјекти*** –во оваа група се наоѓаат слоевите: Приватни геодетски фирми, Извршител, Катастар, Нотар, Општина.
- ***Административни граници*** –во оваа група се наоѓаат слоевите на административните граници на државата и тука спаѓаат: Граница на Р.Македонија, Катастарски одделенија, Катастарски општини, Населени места и Локална самоуправа.
- ***Номенклатури*** –номенклатура на листови на катастарски планови и карти претставува поделба на земјината површина на листови според одредени правила и нивното нумерирање се однесува според соодветниот размер.

- ***Катастарски парцели и објекти*** –како што кажува и самиот наслов оваа група се состои од два слоја парцели и објекти преку кои се прикажуваат парцелите и објектите соодветно на мапа.
- ***Тематски слоеви*** –овој пакет ги слоевите: Предбележување на градба, Парцели со неутврдена градба, Земјоделско земјиште под закуп, Шуми во сопственост на Р. Македонија, Шуми со неутврдени права, Шуми во сопственост со Р. Македонија, Шуми во приватна сопственост, Пасишта во сопственост на Р. Македонија, Пасишта со неутврдени права, Пасишта во сосопственост со Р. Македонија, Пасишта во приватна сопственост, Изложен имот на РМ, Географски центар на Р. Македонија, ТИРЗ, Зона на аеродром.
- ***Регистар на цени и закупнини*** –оваа група ги содржи следниве слоеви: Продажба парцели, Продажба објекти, Продажба парцела со објекти, Закуп парцели, Закуп објекти, Закуп парцела со објекти.
- ***Геодетски точки*** –оваа група содржи три вида на слоеви односно три вида на геодетски точки и тоа: Тригонометриски секции, Полигонометрија и Градски тригонометриски мрежи.
- ***ТК 25000 Вектор*** – во оваа група се наоѓаат неколку подгрупи на векторски слоеви и тоа:
    - Административни области во оваа подгрупа се наоѓаат слоевите Граница и национални паркови и Административни граници.
    - Класификација на земјиште оваа подгрупа содржи еден слој и тоа Класификација на земјиште.
    - Патишта во оваа подгрупа се наоѓаат три слоеви и тоа Патишта-мрежа,Патишта-полигони и Патишта линии
    - Железници и во оваа подгрупа се наоѓаат три слоеви и тоа Железница-мрежа, Железница-полигон, Железница-линии.
    - Води  се состои од три слоеви Вода-водотеци, Вода-точки и Вода-линии.
    - Мали објекти се состои од слоевите Мали објекти-полигони, Мали објекти-линии и Мали објекти-точки
    - Топографски карактеристики оваа подгрупа содржи два слоја и тоа Топографски линии и Топографски точки.
    - Називи  се состои од слојот Називи.
- ***GLOBALMAP*** – во оваа група се наоѓаат следниве подгрупи со слоеви:
    - Аеродроми – со слој Аеродром.
    - Граници – со слоевите Меѓународна граница, Примарна граница, Секундарна граница.
    - Административни граници – со слој Административна граница.
    - Населени места – со слој Населени места.
    - Градови – со слој Градови.

- Патишта – со слоевите Примарни патишта, Секундарни патишта, Патишта со лимитиран пристап.
    - Реки – со слој Реки.
    - Железница – со слој Железница.
    - Објекти – со слоевите Брана и Острово.
    - Град Скопје – со слој Град Скопје.
    - Езера – со слој Езера.
- ***ГУП на Град Скопје*** –оваа група ги содржи слоевите: Опфат на генерален урбанистички план, Четврти.

**Копче “Избери елемент”**

 Копче “Избери елемент” се користи за селекција на елементи од мапа.

## Функционалности достапни на левиот панел

**Пребарување на парцела**

Преку оваа форма се врши пребарување на катастарски одделенија, катастарски општини и парцели. Пребарувањето се врши по следниот редослед и тоа најпрвин се избира одделение од листата со одделенија при што се зумира на избраното одделение, потоа од листата со општини се избира општина што припаѓа на претходно избраното одделение и тогаш се зумира на избраната општина. На крајот се впишува бројот на парцелата која се пребарува, со секоја внесена вредност во ова поле се дава листа со предлози на парцели и со избор на една од понудените парцели се зумира на истата парцела. Оваа функционалност се наоѓа на следниве страни низ апликацијата и тоа: Изводи од катастарски планови, Податоци од катастар на недвижности и Геодетски точки.

Постои уште еден начин за пребарување на парцели директно преку корисничкиот простор на картата. Со помош на основините алатки за движење и зумирање низ мапа може да се дојде до посакуваната парцела и со основната алатка “Информации” може да се селектира парцелата и да се дообијат дополнителни информации за истата како што е имотен лист за парцелата.

**Пребарување на имотен лист**

Оваа пребарување е исто како и пребарувањето на парцели со разлика во тоа што наместо број на парцела се внесува број на имотен лист. Чекорите на пребарување

останууваат исти како и за пребарувањето на парцели односно најпрвин се избира одделение и се врши зумирање на избраното одделение, потоа се избрира општина и се врши зумирање на општината и на крајот се внесува бројот на имотен лист кадешто нема зумирање на мапа туку копчето "Имотен лист" под полето за внес станува активно. Ова пребарување е овозможена на страната Податоци од катастар на недвижности.

**Пребарување по број на точка**

Ова пребарување е овозможено на страната Геодетски точки и преку истото се овозможува зумирање до избрана геодетска точка. Пребарувањето оди во следниве чекори и тоа најпрвин се избира каков тип на геодетска точка ќе се пребарува од понудените Тригонометриски секции, Градски тригонометриски мрежи и Полигонометрија. Следен чекор е избор на град од понудената листа во која се наоѓа точката и со избор од понудените точки се зумира на истата која е обележана со црвен маркер.

Постои уште еден начин за пребарување на точки директно преку корисничкиот простор на картата. Со помош на основините алатки за движење и зумирање низ мапа може да се дојде до посакуваната геодетска точка.

**Начин на селекција**

Избор на начин на селекција се појавува на следниве страни и тоа Катастарски планови, Податоци од катастар на недвижности, Топогравска карта вектор и Ортофото. Понудениот избор на начини на селеција е различен на сите страни и преку изборот на еден од понудените се врши селекција на елементи од мапа. Можни начини на селекција се:

***"Преглед на мапа"*** – На сите страни како основен начин е селектиран и со избор на овој начин се исклучени остананите начини на селекција а со тоа се активни основните алатки од десната страна преку кој се врши зумирање и движење низ мапата.

***"Нацртај полигон"*** – Со оваа опција се овозможува цртање на полигон врз посакувана област која понатаму ќе биде искористена за креирање на продукт по извршена наплата.

***"Прикачи дадотека"*** – Со оваа опција се овозможува качување на дадотеки во следниве формати shape и gml, преку кои се врши селеција и зумирање над областа која се содржи во дадотеката. Исто така овозможено е прикачување на text дадотеки во кои се наоѓаат парцели во форма "шифра на КО, број на КП" кои се користат за креирање на продуктот Список на индикации.

***“Селектирај општина”*** – Преку оваа опција е овозможено селекција на една катастарска опшина за која ќе биде изгенериран продуктот катастарски планови по извршена наплата. Начинон на селекција се одвива во два чекори и тоа прво се избира катастарско одделение и со самиот избор се врши зумирање над избраното одделение и вториот чекор е избор на катастарска општина за која исто се врши зумирање и селекција.

***“Избор на лист”*** – Со избор на оваа опција се вклучува номенклатура план 25 000 и е овозможено селекција на еден лист за кои ќе биде креиран продукт по извршена наплата, исто така при самата селекција на листот се врши зумирање над истиот.

***“Селекција на сите листови”*** – Со избор на оваа опција се вклучува номенклатура план 25 000 и сите листови од оваа номенклатура се селектирани за кои ќе биде креиран продукт по извршената наплата.

***“Селекција на листови”*** – Со избор на оваа опција се вклучува номенклатура план 25 000 и се овозможува селекција на повеќе листови од оваа номенклатура за кои ќе биде креиран продукт по извршената наплата.

**Копче “Прикажи на мапа”**



Копче “Прикажи на мапа” се појавува на страните Административни граници, Административни граници-Генерализирани, Топогравска карта вектор и Топогравска карта растер. Преку ова копче се вклучуваат слоевите за продуктите потребни за преглед или селекција на мапа.

**Копче “Додади во кошничка”**


Копче “Додади во кошничка” се појавува на сите страни од главното мени и со клинување на истото се врши додавање на саканиот продукт во купувачката кошничка, за која понатаму ќе биде извршен процес на плаќање и креирање на продукти кои се наоѓаат во кошничката.

**Копче “Отстрани селекција”**



Копче “Отстрани селекција” се појавува на страните каде што постои селекција на елементи од мапа и со клинување на ова копче се бришат сите претходно селектирани елементи.

# Купувачка кошничка

## Копче “Купувачка кошничка”




Копче “Купувачка кошничка” се наоѓа во горниот десен агол на апликацијата и преку него се дава информација колку моментално има продукти ставено во кошничката. Со клик на копчето се оди на форма(сл.1) каде има детален преглед на сите продукти кои се наоѓаат во кошничката.




*Сл.1* Купувачка кошничка

## Копче “Испразни кошничка”




Копче “Испразни кошничка” се користи за да се избришат сите продукти кои се наоѓаат во кошничката.

## Копче “Отстрани од кошничка”



Копче “Отстрани од кошничка” се наоѓа покрај секој продукт во кошничката и се користи за да се избрише односно отстрани саканиот продукт од кошничката.

## Копче “Наплата”




Копче “Наплата” станува активно откако корисникот ќе се најави на системот со корисничко име и лозинка, со кликнување на ова копче се оди на форма за потврда на нарачка(сл.2) за продуктите кои се наоѓаат во кошничката.




*Сл.2* Потврда на нарачка – пред кликнување на копчето “Потврди ја нарачката”

## Копче “Потврди ја нарачката”




Копче “Потврди ја нарачката” се користи за да се потврди нарачката односно да се изгенерира уникатен број за оваа нарачка и да се даде согласнот дека податоците за нарачателот се точни. Со кликнување на ова копче се прави и проверка за начини на плаќање кои ги има нарачателот. По кликнување на ова копче се појавува формата како на слика 3.




*Сл.3* Потврда на нарачка – по кликнување на копчето “Потврди ја нарачката”

**Копче “Плати припеид”**




Копче “Плати припеид” се појавува кај правните лица кои имаат склучено договор со АКН за плаќање на припеид и кои имаат сума на припеид сметката иста или поголема од вкупниот износ на нарачката.

**Копче “Плати постпеид”**




Копче “Плати постпеид” се појавува кај правните лица кои имаат склучено договор со АКН за плаќање на постпеид, при кликање на ова копче се избира и според кој договор се врши плаќањето за да може отпосле да се креира фактура од страна на АКН која нарачателот на оваа нарачка ќе треба да ја плати.

**Копче “Плати Online”**




Копче “Плати Online” се појавува кај сите регистрирани корисници на апликацијата и станува активно откако претходно ќе се кликне на копчето “Потврди ја нарачката”. Со кликнување на копчето “Плати Online” се отвара форма за наплата од Casys на која може да се изврши плаќањето со платежна картичка.

# Регистрација и најава на апликацијата

## Регистрација на физичко лице

Формата за регистрација на физичко лице се отвара преку истоимениот линк кој се наоѓа во делот “Најава” во горниот десен агол. Оваа форма е прикажана на слика 4 и ги содржи следниве полиња: *Име, Презиме, Е-пошта, Корисничко име, Лозинка, Потврдете ја лозинката, ЕМБГ, Телефон, Улица, Број, Поштенски број, Град, Држава*. Полињата означени со црвена ѕвезда се задолжителни полиња за регистрација. Исто така за да биде успешна регистрацијата мора да бидат прифатени условите за регистрација односно да биде чекирано полето “*Ги прифаќам условите за користење на порталот*” и на крајот потребно е да се внесе кодот што е прикажан на сликата во полето “*Внесете го кодот од сликата*”. По кликање на копчето “регистрирај се” на внесената Е-пошта се испраќа линк за потврда на регистрацијата и со кликнување на тој линк корисничкиот профил станува активен.




*Сл.4* Регистрација на физичко лице

## Регистрација на правно лице

Формата за регистрација на правно лице се отвара преку истоимениот линк кој се наоѓа во делот “Најава” во горниот десен агол. Оваа форма е прикажана на слика 5 и ги содржи следниве полиња поделени во две групи и тоа во Информации за компанијата спаѓаат: *Име на компанија, ЕМБС на компанија, Тип на компанијата, Телефон на компанија, Улица, Број, Поштенски број, Град, Држава*. Во втората група Информации за корисникот спаѓаат: *Име, Презиме, Е-пошта, Корисничко име, Лозинка, Потврдете ја лозинката, Тип на корисник, ЕМБГ, Телефон, Улица, Број, Поштенски број, Град,*

*Држава*. Во дете групи полињата означени со црвена ѕвезда се задолжителни полиња за регистрација. Исто така за да биде успешна регистрацијата мора да бидат прифатени условите за регистрација односно да биде чекирано полето “*Ги прифаќам условите за користење на порталот*” и на крајот потребно е да се внесе кодот што е прикажан на сликата во полето “*Внесете го кодот од сликата*”. По кликање на копчето “регистрирај се” на внесената Е-пошта се испраќа линк за потврда на регистрацијата и со кликнување на тој линк корисничкиот профил станува потврден и чека на одобрување од администраторот на апликацијата да го одобри овој кориснички профил за правно лице да биде активен..




*Сл.5* Регистрација на правно лице

## Заборавена лозинка

Формата за заборавена лозинка се отвара преку истоимениот линк кој се наоѓа во делот “Најава” во горниот десен агол. Оваа форма е прикажана на слика 6 и содржи избор на начин на идентификација и тоа по Корисничко име или Е-Пошта и поле за внесување на кодот што е прикажан на сликата. По успешно пополнување на двете полиња и кикање на копчето “Потврди” се испраќа меил со нова лозинка на е-поштата што е внесена или одговара на тоа корисничко име.




*Сл.6* Заборавена лозинка

**Најава на апликацијата**

Формата за најава на апликацијата се отвара преку копчето "Најава" кој се наоѓа во во горниот десен агол. Оваа форма е прикажана на слика 7 и содржи две полиња Корисник и Лозинка во кои корисникот ги внесува своето корисничко име и својата лозинка и со кликање на копчето "Најави се" се проверува дали овие две внесени вредности се точни и доколку се точни корисникот е најавен на апликацијата.




*Сл.7* Најава на апликацијата

## Кориснички опции за најавен корисник

Корисничките опции стануваат видливи откако корисникот ќе се најави на спликацијата преку формата за најава. Оваа форма е прикажана на слика 8 и ги содржи

следниве делови: *Мој профил, Промена на лозинка, Листа на нарачки, Припејд трансакции* и *Моја компанија*.




*Сл.8* Кориснички опции

***Мој профил*** – во овој дел се наоѓат податоци за корисникот кој е најавен на апликацијата и за овие податоци е овозможено уредување на самите. Овој дел е видлив за сите најавени корисници на апликацијата.

**Промена на лозинка** – во овој дел може да се направи промена на моменталната лозинка за најавениот корисник со внесување на моментална лозинка и нова лозинка. Овој дел е видлив за сите најавени корисници на апликацијата.

**Листа на нарачки** – во овој дел е овозможен преглед на сите направени нарачки со детален увид во самите купени продукти од нарачката. Овој дел е видлив за сите најавени корисници на апликацијата.

**Припејд трансакции** – во овој дел е овозможен преглед на сите направени припеид трансакции и во овој дел е овозможено купување на припеид ваучери. Овој дел е видлив само за правните лица кои имаат склучено договор со АКН за купување со припеид плаќање.

**Моја компанија** – овој дел е видлив само за правните лица кои се назначени како главни во својата компанија и имаат привилиегија на апликацијата да ги видат останатите корисници од истата компанија, склучените договори на нивната компанија со АКН, како и сите нарачки направени од страна на корисниците на истата компанија.

**Копче “Одјави се”**



Копче “Одјави се” се појавува откако корисникот ќе се најави на системот и се користи доколку најавенито корисник сака да се одјави од апликацијата.

**Копче “Македонски”**

 Копче “Македонски” се наоѓа во горниот десен агол на апликацијата и со кликање на истото се менува јазикот на апликацијата во македонски.

**Копче “Англиски”**

 Копче “Англиски” се наоѓа во горниот десен агол на апликацијата и со кликање на истото се менува јазикот на апликацијата во англиски.

**Копче “Албански”**

 Копче “Албански” се наоѓа во горниот десен агол на апликацијата и со кликање на истото се менува јазикот на апликацијата во албански.